| Спроведување на прашалници и листи за проценка | Спроведување на прашалници и листи за проценка на наставници, ученици и родители за идентификација на талентирани и надарени ученици | Прашалници илисти на проценка | Психолог, педагог, наставници | ноември-април |
| Анализа на прашалници и листи на проценка | Квалитативна и квантитативна анализа на прашалниците и листите на проценка | Статистичка обработка | Членови на тимот | април |
| Презентирање на добиените податоци | Добиените податоци од анализите и целикупната работа на тимот ќебиде презентирана на Наставничкисовет | Презентација на табелари | Членови на тимот | април |
| Организирање на „Талент-шоу“ за претставување на талентираните ученици | Презентација на различни активности подготвени од самите ученици за изразувањена сопствениотталент | Интернет | Членови на тимот | април |
| Сумирање на резултатите од спроведените активности и евалуација на истите | Разгледување и евалуација на сработеното, заради подобар увид и планирање на понатамошна работа со овие деца | Активности спроведени според планот | Членови на тимот | јуни |

8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Според Законот за основното образование, предвидено е вклучување на секое дете во образовниот систем, како и водење на грижа за неговиот раст и развој.

Како деца со потешкотии, се третираат оние на кои им е потребна помош заради некоја пречка и тоа од физиолошка, ментална или психолошка природа. Во зависност од нивните потешкотии, може да се направи поделба на: деца со медицински проблеми, проблеми во однесување, пречки во развојот, потешкотии во учењето, нарушено ментално здравје, изразени интелектуални потешкотии, хронични заболувања исл.

Според претходно извршена идентификација за потешкотијата што ја има ученикот, наставниците во соработка со педагошко- психолошката служба од училиштето и родителот, изготвуваат соодветен план и програма за работа. Истите се изготвуваат со цел да му овозможат на ученикот подобро и поуспешно вклопување во редовната настава. Во текот на учебната година се следи работата на ученикот и се евидентира во индивидуални листи за следење, заради подобар увид во неговото напредување.

| Цели | Содржини | Носители | Ресурси | Време | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Идентификација на ученици кои имаат потреба од посебен пристап во работата | Препознавање на учениците кои имаат потешкотии преку користење на: психолошки тестови и други иструменти, разговори со децата и родителите, опсервација и сл. | Одделенски и предметнинаставници, стручни соработници, стручни лица од соодветниинституции | Чек-листи за идентификација, наоди и мислења од Комисија за категоризација, наоди и мислења од лекари, забелешки од опсервација, наоди од примена на психолошки техники, стручна литература, сознанија од обукии семинари исл. | континуирано | Идентифицирани ученици содефиниран статус |
| Евидентирање на учениците според откриените причини за пречки и потешкотии во учењето | Изготвување на соодветна евиденција за учениците според нивните потешкотии | Наставници, родители, стручни соработници и др. стручни лица од соодветни институции | стручна литература | септември, октомври | Соодветно евидентирани ученици според видот на потешкотиите |
| Изготвување на соодветен план и програма за работаза секој ученикпооделно | Изготвување на ИОП и програма за работа за децата со потешкотии | Наставници, родители, стручни соработници, стручни лица (дефектолог, логопед лекар специјалист и сл.), членови на тимот за инклузија на ранлива група ученици | стручна литература, сознанија од обуки и семинари и др. | ноември | Добро и соодветно изготвени ИОП за секој ученикодделно зависно од видот на неговитепотешкоти и |

8.14 Туторска поддршка на учениците

Во ООУ „ Гоце Делчев “ с. Јабланица нема организирано туторска поддршка на ученици.

8.15. План на образовниот медијатор

Во ООУ „ Гоце Делчев “ с. Јабланица нема ангажирано образовен медијатор.

**17. Воннаставни активности**

Воннаставните активности претставуваат интегрално и мошне значајно подрачје во севкупната воспитно-образовнадејност на училиштето. Суштина на воннаставните активности се состои во проширување и продлабочување на знаењето,умеењата и навиките на учениците. Тука доаѓаат до израз интересите, желбите и афинитетите на учениците за одредениактивности. Со овие активности се развива љубопитноста и истражувачкиот дух, дружење со други одделенија и другиучилишта, меѓусебна соработка, солидарност и сл.

И оваа учебна година училиштето за задоволување на интересите на учениците и создавање на пријатно место запрестој и работа во училиштето, респектирајќи ги афинитетите и желбите на учениците ќе ги планира, организира и реализираовие активности, со цел помасовно вклучување на учениците врз доброволна основа.

Ова подрачје ќе биде проткаено со содржини и активности што се реализираат вон наставата и ќе ги опфати следнитеактивности:

- Училиштенспорт
- Секции и слободни ученичкиактивности
- Ученички натпревари
- Општествено-хуманитарнаработа

9.1. Училиштни спортски клубови

Во училиштето не е основан училиштен спортски клуб.

17.2 Секции/клубови

Со цел да се поттикне и негува љубопитноста и креативноста кај учениците, да се негува доследноста и истрајноста во извршување на задачите, да се развиваат мотивите и условите за афирмирање на личноста на ученикот, како и да се создаваат навики за правилно користење на слободното време, во училиштето се организираат слободни активности за учениците од одделенска и предметна настава. За одделенска настава слободните ученички активности ќе се организираат во рамките на паралелката при што секој одделенски раководител треба да организира две слободни активности (секции). Во предметна настава учениците избираат по сопствена желба која секција сакаат да ја посетуваат.

При определување на видовите на секциите и слободните ученички активности ќе се тргне од принципот на слободен избор на учениците. Почитувајќи ги одредбите ученикот во предметна настава може да биде најмногу во две секции, водејќи притоа сметка за психофизичкиот развој и способностите на учениците.

Одговорните наставници - реализатори изработуваат посебна програма за нивна реализација. Содржините на сите видови секции и слободни ученички активности ќе се планираат и евидентираат во одделенски дневници. Стручниот дел од работата на секциите и слободните ученички активности ќе се изведува од страна наученицте.

За оваа учебна година училиштето ќе ги организира следните слободни ученичкактивности:

Секции за проширување на знаења по одделни предмети

| Ре.број | Наставници реализатори на СУА | Слободни ученички активности (СУА) - секции | Фонд на часови | |
|---|---|---|---|---|
| | | | нед. | го. |
| 1. | Елена Лазаревски/Верица Мукоска | литературна | 1 | 36 |
| 2. | Марика Кочоска/Александар Коцић | млади математичари | 1 | 36 |
| 4. | Елена М. Шикоска/Александра Паноска | англиски јазик | 1 | 36 |
| 5. | Николче Лазарески | историја | 1 | 36 |
| 6. | Зоран Кукунешоски | млади географичари | 1 | 36 |
| 7. | Надица Кочоска | млади биолози | 1 | 36 |
| 8. | Анета Б. Наумоска | млади хемичари | 1 | 36 |
| 9. | Милан Лакоски | млади информатичари | 1 | 36 |
| 10. | Ацо Јовчески | училишен спорт | 1 | 36 |

Наставниците од предметна настава, формираат секции за слободните ученички активности во зависност од желбите, интересот, можностите, афинитетите и бројот на учениците во паралелката. Основната организациона форма на секцијата е часот, како што е определено со планот и општата програмска структура за застапеноста на воннаставнитеактивности.

Слободните ученички активности ќе се изведуваат со учениците од VI до IX одделение. Услови за изведување на овие ученички активности има, а учениците се запишуваат на список во одделенскиот дневник на паралелката каде што наставникот реализира настава. Целта на овие слободни активности се продлабочување на знаењата на учениците. Часовите за овие слободни активности секој одговорен наставник ќе изготви распоред на одржување за што учениците ќе бидат навремено известени.

17.3 Акции

План за организирање на базари, хепенинзи, хуманитарни настани и еко – акции ќе бидат ставени во прилози кон годишната програма.

## 10.Ученичко организирање и учество

Ученички парламент

− Ученичкиот парламент е организација на учениците од I до IX одделение и има за цел да ги промовира интересите на училиштето, учениците и активно да учествува во училишниот живот. Исто така учениците соработуваат со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите, локалната самоуправа и многубројни институции. Целта е да се подобри квалитетот на учењето, да стекнат позитивни и здрави навики на живеење и однесување, другарување, почит и хуманост.

− Во ученичкиот парламент членуваат претставници од секоја паралелка кои се демократски избрани од своите соученици.

− Ученичкиот парламент работи според програма која е креирана од досегашните позитивни искуства и идеи на учениците и наставниците.

− Средбите на ученичкиот парламент ќе се реализираат последната недела од месецот.

Членови на ученичкиот парламент се:

1. Митре Будиноски
2. Маринко Будиноски
3. Ивона Цапоска
4. Наум Цоклески
5. Стефанија Пентелашоска
6. Енес Шабоски
7. Елена Будиноска
8. Елена Будиноска- претседател

1. Андреј Дапчески
2. Георгина Балоска
3. Деница Милеска
4. Тео Колоски Де Лос Мозос
5. Елеонора Мојсоска
6. Анастасија Видиќеска

Оперативен план за работа на ученичкиотпарламент во учебната 2024/2025

| Цел | Активности | Носител на активност | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| -активно учество на учениците | Планирање на програмата за работа на заедницата на ученици | Педагог, ученици | IX |
| - градење навики за уредност и грижа за училиштето и училишниот имот | Учество во уредување на училниците и холовите | Одделенски раководители, ученици | континуирано |
| - стекнување навики за придржување кон кодексите во училиштето | Учество во активности кои се однесуваат на одржување редот и дисциплината во училницата и училиштето во согласност кодексот на однесување на учениците | Педагог, наставен кадар, ученици | континуирано |
| - развивање чувство на грижа за успехот и постапките на соучениците | Разговор за учењето како основна задача на ученикот | Педагог, одделенски раководители, ученици | континуирано |
| - стимулирање на останатите ученици | Давање мислење и предлози за доделување пофалби, признанија и награди за ученици кои постигнале добри резултати во текот на наставата | Одделенски раководител, педагог, ученици | Тромесечие, полугодие, крај на учебна година |
| - опомена на истите, а и предупредување за останатите | Давање мислење и сугестии за превземање педагошки мерки за ученици кои покажале слаб успех и поведение | Одделенски раководител, педагог, ученици | Тромесечие, полугодие, крај на учебна година |
| - активно учество на учениците во процесот на оценување | Учество во активностите за етичкиот кодекс на оценување | Наставен кадар, ученици | континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - развој на еко свеста на учениците и градење навики за здрав и правилен однос кон самите себе и кон околината | Учество во активностите од годишниот план за еко-училиште | Наставен кадар, ученици | Според годишниот план на наставниците |
| - завземање правилен став и избор на правилен начин на решавање на конфликтни ситуации | Учество во активностите за реализација на Годишната програма за имплементација на проектот Политика за ненасилно однесување во училиштата | Педагог, наставен кадар, ученици | Според месечниот оперативен план |
| - зголемување на самостојноста во процесот на учење | Учество во активностите за реализација на проектите во склоп на редовната настава | Педагог, наставен кадар, ученици | Според тематските распределенија |
| - развивање чувство на грижа за успехот и постапките на соучениците | Разгледување на успехот и поведението на ниво на училиште за првото тромесечие од учебната 2022/2023 година | Одделенски раководители,<br>педагог, ученици | XI |
| - активност на учениците во континуитет | Разговор за тековни проблеми | Педагог, ученици | континуирано |
| - развивање чувство на грижа за успехот и постапките на соучениците | Разгледување на успехот и поведението на ниво на училиште после завршување на првото полугодие | Педагог, ученици | II |
| - развивање чувство на одговорност | Како да се подобрат резултатите во второто полугодие | Педагог, ученици | II |
| - збогатување на социо-културниот живот | Соработка со културно-образовни установи | Педагог, наставен кадар, ученици | континуирано |

## 11.Вонучилишни активности

11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Ученички екскурзии - посебен вид на настава

Во оваа учебна година планирани се две еднодневни рекреативни излети за учениците од I-IX одделение - есенска и пролетна. За проширување и продлабочување на знаењата на учениците ќе се организираат наставни екскурзии низ Македонија кои се во функција на наставата со учениците од III, V, VI и IX одделение согласно Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии (еднодневна екскурзија за учениците од III одделение, настава во природа за учениците од V одделение, дводневна екскурзија за учениците од VI одделение и тридневна екскурзија за учениците од IX одделение). Се планира да се реализира зимување и летување за учениците од VI до IX одделение.

## 12. Натпревари за учениците

Ученичките натпревари се облик на активности преку кои еден ученик или група ученици се трудат подобро или побрзо да постигнат добри воспитно-образовни резултати. Натпреварите имаат значајна улога во развојот на личноста на ученикот. Преку нив се поттикнува и развива интересот на учениците кон одредена активност, па на тој начин се воспоставува активен однос кон наставата и вреднувањето на постигнатите резултати.Училиштето кое континуирано вложува во својот развој и создава позитивна, продуктивна и стимулативна училишнаклима создава и ученици кои ќе го вложат својот максимум за реализацијата на сопствените афинитети и вештини. Секој ученик се гордее со своите лични постигнувања, како и со постигнувањата кои ги носи во име на училиштето. Клучот на успехот лежи во сите нас кои го поттикнуваме мотивот за самодокажување на учениците и желбата за афирмација во општеството.

Во текот на учебната 2024/2025

година училиштето ќе учествува на општински, регионални и државни натпревари, а во месец март ќе организира и училишни натпревари. На тие училишни натпревари може да учествуваат сите редовни ученици од училиштето. Во организацијата и спроведувањето на натпреварите се вклучуваат сите наставници чии ученици учествуваат на соодветниот натпревар.

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

Училиштето е вклучено во проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Координатор на проектот е педагогот во училиштето, Марина Ојлеска, која со својот тим има остварено средби со тимот на ООУ „ Ашим Агуши “ с. Радолишта, коешто ни е партнер-училиште во овој проект. Двата тима имаат остварено средби, а по изготвениот план се реализирани испланираните активности во двете училишта. Соработката меѓу нашето и партнер- училиштето продолжува и оваа година со активности што ќе бидат договорени на заедничка средба меѓу тимовите во

согласност со акцискиот план.

Со цел давање поддршка на основните и средните училиштата на ниво на општина Струга за реализација на МИМО активностите формирана е комисија на ниво на Општина. Комисијата во периодот од две години ќе дава поддршка на сите училишта при реализација на МИМО активностите според изготвена стратегија.

Активности кои ќе се реализираат:

1. Одбележување на светскиот ден на водата
2. Изработка на мултиетнички речник
3. Изработка на мултиетнички кувар со традиционални рецепти

Членови на тимот за МИО во ООУ „ Гоце Делчев “ с. Јабланица се:

1. Марина Ојлеска – директор/координатор
2. Александра Паноска – наставник по англиски јазик
3. Виолета Будиноска – наставник во одделенска настава
4. Ванга Ликоска - наставник во одделенска настава
5. Елена М. Шикоска – наставник по англиски јазик
6. Соња Петреска – наставник во одделенска настава

**14. Проекти што се реализираат во основното училиште**

И оваа учебна година во ООУ „ Гоце Делчев “ с. Јабланица продолжуваа да се реализираат следните проекти:

1. Меѓуетничка интеграција во македонскиот образовен систем;
2. Еколошка интеграција во македонскиот образовенсистем;
3. Ненасилно однесување во училиштата;
4. Сите проекти во соработка со МОН и БРО
5. Математичка и јазична писменост за ученици од одделенсканастава;
6. Проект „Со читање долидерство“.
7. Антикорупциска едукација на учениците
8. „ Отворен ден “ , со содржини од наставниот предмет граѓанско образование

**15.Поддршка на учениците**

15.1. Постигнување на учениците

Ученичките постигања претставуваат јасно искажани компетенции, очекувани знаења, вештини и способности, вредности и ставови кои учениците треба да ги стекнат и покажат по успешно завршена одредена наставна тема, програма, степен на образование или воспитно-образовен циклус.

Постигнувањата на учениците се важни за наставниците, затоа што им даваат јасна и прецизна основа за:

- одредување на содржината која треба да се поучува, наставните стратегии и методи кои ќе сепримену ваат;
- одредување на активностите кои учениците треба да гиизведат;
- дефинирање на испитните задачи за вреднување на ученичкиот успех инапредување;

- вреднување на реализацијата на програмата која јапримењуваат.

Ученичките постигања се важни и за родителите, особено за стекнување на јасна слика за тоа какво и колку знаење децата можат да стекнат на училиште, како и на кој начин да им помогнат и да го следат напредокот на своите деца.

Во ООУ „ Гоце Делчев “ с. Јабланица редовно се следат постигањата на учениците преку анализи и извештаи кои се изготвуваат за секој класификациски период.

За учебната 2021/2022 година, среден успех на ниво на училиште е 4.16. Предмет со највисок среден успех е физичко и здравствено образование 4.68, а предмет со најнизок среден успех е информатика со 3.15.

За учебната 2022/2023 година, среден успех на ниво на училиште е 3.96. Предмет со највисок среден успех е Природни науки 4.14, а предмет со најнизок среден успех е Етика 3.62.

За чебната 2023/2024 година, среден успех на ниво на училиште е 4.25. Предмет со највисок среден успех е Информатика 4.91, а предмет со најнизок среден успех е физика со 3.92

## 1.2. Професионална ориентација на учениците

Со цел да се поддржат учениците и да им се помогне во одлуката при избор на идните занимања во ООУ „ Гоце Делчев “ с. Јабланица секоја година се подготвува план за професионална ориентација на учениците.

Планот за професионална ориентација на учениците го подготвува стручната служба во училиштето и во соработка со класните раководители на IX одделение се спроведува целокупната постапка на информирање и запознавање на учениците со различни занимања, следење и откривање кај учениците одредени специфичности, способности и интереси, претставување на средни училишта како и професионално советување.

## 15.3.Промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Превентивни програми (насилство, болести на зависност, асоцијално однесување, соработка со установи за безбедност и социјална грижа)

Во нашето училиште ќе се изведуваат и презентации на превентивни програми како што се заштита на учениците од заразни болести, заштита на учениците како учесници во сообраќајот и сл.

Активности посветени на грижата на здравјето на учениците ќе се реализираат во текот на учебната година преку различни активности: предавања, разговори и работилници на часот по одделенска заедница , со стручните соработници, со одделенските раководители и со надворешни стручни лица во врска со превентива од болести

(заштита, зараза, завист) содржини со кои се изградува свеста кај учениците за заштита на здравјето и здравиот начин на живеење.

Во училиштето има изготвено програма за превенција на насилното однесување чија цел е намалување на асоцијалното и насилното однесување во која учествуваат и самите ученици преку индивидуални и групни активности. Во рамките на оваа програма училиштето ќе оствари соработка со установите за безбедност преку одржување на едукативни работилници за учениците. Соработката со овие институции ќе продолжи и оваа учебна година. Акциониот план за превенција од насилно однесување во училиштето е даден во прилог. За успешно реализирање на овие активности е најважно: постојан увид на однесувањето на учениците од одделенските наставници и раководители,посебно на учениците со несоодветно однесување, одговорно однесување на наставниците за време на нивното дежурство, добра меѓусебна соработка помеѓу наставниците и одделенските раководители, учениците, родителите, стручните соработници и директорот и брзо и адекватно реагирање при појава на насилно однесување.

Во рамките на програмата за соработка со родителите (во прилог), како и преку соработка со институции во поблиската и поширокатa околина ќе се спроведуваат активности во училиштето во кои ќе учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се допринесе за подобрување на социоемоционалната состојба на учениците. Во прилог е програмата за поддршка на учениците со социо-емоционални потешкотии.

Безбедност во училиштето

Нашето училиште е опремено со ПП-апарати и истите се поставени на видливо место. Поставени се уреди за алармирање во случај на опасност, а има и обележани знаци, насоки за движење во случај на потреба за брзо евакуирање на учениците и вработените. Изработен еплан за евакуација и сите вработени се обучени за евакуација при елементарни непогоди и користење на ПП апарати, како и за користење на Прва помош. План за евакуација – во прилог.

**16.Оценување**

16.1 Видови оценување и календар на оценување

Постигањата на учениците во училиштето се оценуваат описно и бројчано согласно законската регулатива. Од I до III одд. оценувањето е описно, Од IV – VI одд. постигањата по задолжителните и изборните предмети се оценуваат описно и бројчано, по класификационите периоди. Учениците од VII до IX одделение се оценуваат бројчано.
Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Критериумите за оценување на постигањата на учениците се темелат на стандардите за оценување и Блумовата таксономија.
Секој наставник пред почетокот на учебната година изработува план за писмено оценување на учениците имајќи ги предвид законските ограничувања. Во рамките на годишното, тематското и дневното планирање секој наставник го планира формативното и сумативното оценување.
Оценувањето на постигањата на учениците ќе се следи и преку посетите на часови и увид во дневните подготовки од страна на стручен соработник и директорот.
Училиштето како институција дава поддршка на наставниците во оценувањето на постигањата на учениците преку работата на стручните активи и советодавна работа со стручниот соработник.

16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Тимот за следење, анализа и поддршка при оценувањето се состои од пет члена:

1. Марина Ојлеска – директор
2. Весна Маркоска – педагог
3. Виолета Будиноска – наставник во одделенска настава
4. Николче Лазарески – наставник по историја

Со направениот распоред за редовна посета на часови од страна на директорот и стручниот соработник, како и посета на предвидените часови на ниво на стручни активи, како и по квартални периоди, тимот редовно ќе го следи формативното и сумативното оценување на наставниот кадар.

Тимот ќе ја следи усогласеноста на оценувањето со пропишаните стандарди и критериуми, ќе ја следи процедурата за жалби и поплаки како и чќе дава поддршка на наставници кои даваат слаби резултати и наставници иноватори.

16.3.Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работа на воспитно-образовниот кадар

Во Годишните програми и оперативните планови за работа на директорот и стручниот соработник предвидени се најмалку по две посети на часови во текот на едно полугодие со цел следење на квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар.

Следењето се врши со однапред подготвени инструменти за следење на час, а се следи целокупната работа на наставниот кадар.

16.4. Смоевалуација на училиштето

Согласно Законот за основно образование член. 147 училиштето има изготвено Самоевалуација за 2021/2022 год. како документ за интерна проверка на квалитетот на севкупната воспитно-образовна работа. Предмет на Самоевалуацијата беа седум клучни подрачја кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето и во секоја област работеше посебна група на наставници.

**17.Безбедност во училиштето**

Училишниот простор е во доволна мера безбеден за изведување на настава и не претставува опасност од повреди за учениците. Учениците во текот на практичната настава по предметите: техничко образование, физика, хемија и физичко и здравствено образование вршат експерименти и користат хемикалии, алати, прибор и справи за вежбање само под надзор и во присуство на соодветниот наставник. На влезот во училиштето, влегувањето и излегувањето на сите субјекти го надгледуваат вработените од техничкиот персонал.

**Изготвени документи за обезбедување:**

Програма за заштита и спасување од елементарнинепогоди;

Норматив за заштита и безбедност на учениците (во кој има соодветно пропишани мерки и активности кои се однесуваат на физичка заштита и безбедност на учениците во училиштето за време на наставните и вон наставнитеактивности);

Норматив за дефинирање на сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко, физичко и сексуалнонасилство;

Програма за ненасилно однесување во училиштата;

**18. Грижа за здравјето**

18.1. Хигиена во училиштето

Училишната средина во голема мера влијае на детскиот организам во тек на целиот период од нивниот раст и развој. Основна цел на училишната хигиена е да го сведе на минимум негативното влијание на училишната средина врз физичкото и психичкото здравје на учениците, со помош на правилна санација и одржување на сите училишни простории, согласно со хигиенските стандарди и барања.

Грижата на училиштето за заштита и унапредување на здравјето на учениците е обврска што ќе се реализира во соработка со родителите, здравствената служба со која училиштето соработува и поширокаta заедница.

На почетокот на учебната година во училиштето се врши подготовка и се создаваат услови за почеток на на ставата во чиста и здрава средина.

Во училиштето, ходниците, тоалетите и останатите простории се чистат во текот на денот со посебно средство за дезинфекција препорачано од соодветни лица од Здравствен дом – Струга. Целосно чистење на училишниот објект ќе се врши по еднаш на секое тримесечје.

Училишниот двор редовно ќе се чисти од отпадоци и ќе се организират акции во кои ќе бидат вклучени ученици со цел за подигање на свеста кај нив, грижа за себе и околината. Чистата работна средина овозможува пријатно чувство за престој кај сите вработени иученици.

Секоја година се остварува соработка со Центарот за јавно здравје – Струга при што се врши дезинфекција и дератизација на холот, санитарните јазли и училниците.

Техничкиот помошен персонал - хигиеничари е задолжен за одржување на секојдневната хигиена во училиштето при што два пати во текот на наставниот ден се врши дезинфекција на подовите и училишниот инвентар.

.

18.2. Систематски прегледи

Во оваа учебна година, со систематски прегледи ќе бидат опфатени учениците од I, III, V, VII и IX одделение. Овие прегледи се извршуваат во соработка со Здравствен дом – Струга и амбулантите во с. Јабланица и с. Луково со кои што училиштето има континуирана соработка. Секој одделенски раководител е должен да ги придружува

учениците од своето одделение за време на систематскиот преглед и да ја евидентира констатираната здравствена состојба за нив.

Редовната здравствена контрола на учениците е од големо значење за нивниот правилен раст и развој. На систематските прегледи се контролира висината и тежината на учениците, нивниот физички развој, се вршат превентивни стоматолошки прегледи, залевање на заби со што се спречува нивно предвремено расипување, се контролира држењето на телото, видот, слухот и се вршат други прегледи со кои што се одредува дали ученикот треба да биде упатен на понатамошни специјалистички контроли.

18.3. Вакцинирање

Во насока на подобрување на здравствената состојба и квалитетот на превентивната здравствена заштита на децата од училишна возраст и младината, како и обезбедување на подобрување на здравјето, потребно е извршување на имунизација ивакцинација.

Според календарот за имунизација и вакцинација опфатени се учениците од 6 до 15 години кои треба да ги примат следниве вакцини:

На 6 години (I одделение) - мали сипаници, рубеола, заразни заушки;
На 7 години (II одделение) - туберкулоза, детска парализа, дифтерија, тетанус;
На 12 години (VI одделение) - инфекции со Хуман папилома вирус (ХПВ) (само за девојчиња);
На 15 години (завршна година во основното образование) - рубеола (само за девојчиња), детска парализа, дифтерија и тетанус.

18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Правилната и здрава исхрана стана еден од најважните проблеми на современиот човек. Здравјето на човекот, креативноста, ефикасноста и расположението директно се условени од начинот на исхраната која секојдневно се конзумира. Правилната и здрава исхрана му помага на поединецот полесно да се соочи со животните тешкотии и да се заштити од многубројните физички и психички болести. Ваквата исхрана во семејството овозможува правилен физички и психички развој на децата. Она што го носат децата во училиштето и она што им се нуди во непосредното опкружување како „оброк за на училиште“, не е соодветно и правилно, земајќи го во предвид она што значи здрава и квалитетна исхрана.

Вработените во училиштето водат посеба грижа за здравјето на учениците и во текот на учебната година во соработка со родителите ќе организираат работилници, ликовни, креативни творења и други активности на оваатема.

| Активност | Носители | Реализација | Очекуванирезултати |
|---|---|---|---|
| 1. Здрави напитоци (предавање | Ученици од V и VII одделение, наставници и | октомври | Збогатување на ученичкото знаење за здрави напитоци |
| 2. Идеална тежина и трошење на калории | Ученици од VII до IX одделение, наставници и | ноември | Едуцирање на учениците за конзумирање на храната за идеална тежина и начин на трошење на калории |
| 3. Добро здравје и како до него (работилница) | Ученици од III до V одделение, наставници и | февруари | Проширување и продлабочување на знаењата на учениците за употреба на витамини и |
| 4. Правилна исхрана и спортот (предавање од | Ученици од VI до IX одделение, | април | Оспособување на учениците за правилен избор на спорт и начин на |
| 5. Изработка на листа за здрави напитоци | Наставници по биологија и природни науки | октомври | Изготвена листа за здрави напитоци кон која се придржуваат учениците за |

**19. Училишна клима**

19.1. Дисциплина

Во текот на учебната 2024/2025 година во училиштето сите субјекти во воспитно-образовниот процес и останатите вработени ќе тежнеат кон создавање училишна клима во која секој ученик и вработен ќе се чувствува сигурно, почитувано и пријатно.

Воспитно образовниот процес во училиштето се одвива според Кодексите на однесување на учениците, наставниците и родителите во чија изработка се вклучени претставници од сите структури, а се донесени во согласност со Законот за основно образование. Училиштето постапува според Правилниците во кои се предвидени и постапките кои ќе се превземаат при пофалување, наградување како и при прекршување на правилата пропишани со кодексите.

На почетокот на учебната година се определуваат одговорни дежурни наставници од редовите на одделенска и предметна настава кои ќе се грижат за дисциплината пред и по часовите како и за време на одморите. За надминување на проблемите во поведението и дисциплината континуирано се водат разговори помеѓу ученик-ученик, ученик-наставник, ученик-стручен соработник, а по потреба и со родител со цел подобра дисциплина и воспоставување на работната атмосфера на часовите. При изрекувањето на педагошките мерки се обезбедува еднаквост и праведност во однос на сите ученици и доследно се применуваат Правилникот и Критериумите за изрекување педагошки мерки.

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Учениците и наставниците водат континуирана грижа за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето. Кај учениците е всадена навика за чување и одржување на изложените изработки. Училниците, ходниците и холот се уредуваат согласно темите од наставната програма, празниците и годишните времиња. При уредување на училишниот простор се води грижа експонатите да содржат елементи од македонскатакултура и културата на припадниците на другите етникуми кои живеат во РС Македонија. На почетокот на годината се определуваат одговорни наставници за уредување на одредени катчиња во холот иходниците.

19.3. Етички кодекси

Во училиштето постојат кодекси за однесување на наставниците,учениците и родителите. Како резултат на тековните збиднувања постојано се доаѓа до сознание дека постои потреба од вметнување на нови правила во постојните кодекси за таа цел се предвидува да биде вметнато ново правило во кодексот за однесување на наставниците. Исто така, ќе се иновира и кодексот за однесување на учениците, а иновацијата ќе се однесува на начнот на однесување при изведување на активности надвор од училиштето. Во кодексот за однесување на родителите ќе се вметне иновација во врска со воспоставување и зајакнување на меѓусебна соработка на ниво на паралелка, генерација и воопшто на ниво на училиштето.

19.4. Односи меѓу сите структури

Се почесто се наметнува потребата за поголема транспарентност при донесување на одлуки кои што се важни за севкупната работа во училиштето како и подобра конекција помеѓу сите субјекти во училиштето.За подобрување на транспарентноста во донесувањето на одлуки тимот предлага пред донесувањето на битни одлуки да се информираат сите вработени и да имаат можност да го кажат своето мислење во врска со тоа. За подобрување на односите меѓу учениците и нивно поголемо зближување се планираат и меѓуодделенски натпревари по дадени предмети и организирање на други активности од образовен и забавен карактер (игри без граници, натпревари, талент-шоу идр.).

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Согласно препораките на Тимот за следење на квалитетот на наставниот процес и согледувањата од работата на училиштето при што се детектирани потребите и приоритетите, изработен е акционен план за професионален развој на наставниците даден во прилог.

20.1.Детектирање на потребите и приоритетите

Во училиштето постојано се следи и прави проценка како да се подобри неговото функционирање. Согласно спроведената самоевалуација детектирана е потребата од континуирано надоградување и професионален развој на наставниот кадар кој ќе се спроведува преку најразлични активности: семинари, обуки, стручни активи, самообразување и сл.

20.2.Активности за професионален развој

Наставниците и стручните соработници изготвија свои планови за личен професионален развој. Беше изготвена училишната програма за професионален развој. Доставени се листи до Стручните активи за извештај за реализација на личниот план за професионален развој.Тимот за професионален развој ја следи реализацијата на личниот план за професионален развој на наставниците, го следи напредувањето на наставниците преку професионалното досие, водење на педагошки картон за наставниците.

20.3.Личенпрофесионален развој

Секој наставник има сопствено наставничко портфолио кое е исполнето со трудови од нивната работа и изработки од учениците. Стручните соработници за секој наставник водат професионално досие во кое се заведува и следи нивниот професионален развој. Секој наставник треба да е мотивиран за постојано посетување на разни семинари, обуки, работилници, конференции, стручна литература заради стекнување на нови искуства и знаења кои тие успешно ќе ги применуваат во секојдневната работа и тој начин ќе го подобрат својот квалитет и успех во реализација на наставата и работата со децата.

Врз основа на детектираните слабости и недостатоци во работата на наставниот кадар и стручниот соработник во училиштето се изготвуваат планови за личен професионален развој.

Недостатоците и слабостите се детектираат преку стручни посети, размена на искуства на ниво на активи, како и посета од страна на советници и државни просветни инспектори.

20.4. Хоризонтално учење

Во училиштето се изготвени акциски планови со планирани активности, носители на тие активности, време на реализација, очекувани исходи, начин на следење и критериуми за успех во рамките на стручниот актив на одделенска настава, стручниот актив на општествено – јазичната група на предмети и стручниот актив на природно – математичката група на предмети.

Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставници и стручните соработници, а оваа учебна година посебно ќе се посвети внимание на размена на искуства од областа на примена на современи техники и методи во наставата како и учество на натпревари и работа со деца кои имаат потешкотии при учењето.

20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Врз основа на континуираното следење на воспитно-образовниот кадар од страна на стручната служба и директорот на училиштето и врз основа на констатираната состојба се изготвува и план за кариерен развој на воспитно-образовниот кадар.

## 21.Соработка на основното училиште со родителите/старателите

21.1.Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Во училиштето ООУ „ Гоце Делчев “ с. Јабланица пред почетокот на учебната година се изготвува годишна програма за работа на училиштето. Советот на родители како посебен сегмент си има свои одговорни лица како и одреден број на членови. Родителите се вклучени во сите сегменти на училишното живеење, учествуваат во донесување на одлуки и решенија на сите субјекти во училиштето поддржување и изготвување на идејни планови за различни активности во училиштето, подобрување на услови за работа, санирање на дефекти на инвентарот и поправка на инвентарот. Одделенските раководители имаат направено програма за средба со родители како и термини за консултации и организираат отворен ден за прием на родители за што информаците се достапни на огласна табла во училиштето.

21.2. Вклушеност на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставни активности

Во училиштето ООУ „ Гоце Делчев “с. Јабланица родителите претставуваат составен дел во процесот на учење, следење на самиот процес и подобрување на наставата. Тие се вклучени во работата на Училишниот одбор и имаат активна соработка со директорот на училиштето,наставниот кадар и стручната служба. Родителите според своите можности, интереси и стручност земаат активно учество во проекти за работа со ученици,едукативни работилници, професионална ориентација на учениците, како и во работа со ученици кои имаат потешкотиит при совладување на наставниот материјал и талентирани ученици.

Оваа учебна година ќе продолжат активностите од повеќе проекти како на пример:„ Меѓуетничка интеграција во образованието “,„ Заедничка грижа за правилен развој “, „ Училиште без насилство “, „ Еко училиште “ и сл. во кои активно учество се предвидува да земат и родителите. Родителите земаат активно учество во донесување на одлуки преку свои претставници во Совет на родители, Училиштен одбор и Училишна заедница.

21.3 Едукација на родители/старатели

Во училиштето се организираат повеќе работилници за родители,дебати и предавања на кои се третираат теми од училишниот живот. Се применуваат посети на семејство со цел надминување на потешкотии со кои се среќаваат учениците.

ООУ „ Гоце Делчев “ с. Јабланица има тим за подготовка и реализација на брошура која се подготвува во текот на учебната година и се споделува со родителите во мај/јуни со цел подетално информирање за животот и работењето на училиштето.

**22.Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште**

Во училиштето се изготвуваат планови за комуникација и соработка со јавноста и тоа во следните свери и области:

- Локална заедница
- Институции од областа на образованието
- Институции од областа на културата
- Здравствени институции
- Спортски друштва
- Невладини организации
- Медиуми

Локална заедница (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население)

Училиштето во рамките на својата воспитно - образовна дејност како и до сега ќе организирање разновидни општествени, културни и образовни активности со локалното население. Активно ќе се вклучува и во манифестациите организирани од локалната средина**.** Во текот на учебната година се предвидува да бидат остварени низа состаноци, средби, посети на институции и бизнис компании во локалното опкружување, собири и здружувања по одредени случувања во училиштето, промоции на постигнати резултати од најразличен вид, комуникација со медиуми и сл.

Институции од областа на културата

Училиштето во рамките на својата воспитно - образовна дејност вклучува и соработка со институции од областа на културата меѓу кои: музеи, театри, библиотеки, ликовни колонии, кино –сали и сл. Учениците континуирано во текот на учебната година ќе учествуваат на литературни и ликовни конкурси, ќе посетуваат изложби, културно-историски споменици, музеи и сл.

Институции од областа на образованието

Училиштето како и досега активно ќе соработува со институции од областа на образованието:

- МОН
- БРО
- ДПИ
- Детските градинки кои се во непосредна близина
- Други основни и средни училишта

Невладини организации

Во текот на учебната година Училиштето ќе биде отворено за соработка и со невладини организации.

Спортски друштва

Во текот на учебната година Училиштето ќе оствари соработка со спортски друшта кои функционираат во непосредната околина.

Здравствени организации

Како и досега и во идниот период, преку разни активности како систематски прегледи на учениците и презентации поврзани со здравјето на учениците и заштитата од разни болести, Училиштето продолжува да соработува со „ Здравствениот дом “- Струга, и „ Здравствениот дом “ - Вевчани, организации и институции кои се занимаваат со

превенција и заштита на здравјето на децата, со ангажирање на стручни лица специјализирани за различни области и преку предавања, средби и разговори ќе придонесат за подигање на здравственото воспитание и образование на учениците.

Медиуми за промоција на училиштето

Училиштето ќе продолжи активно да соработува и да се промовира преку соработка со најразлични медиуми и медиумски куќи, меѓу кои: Македонската радио телевизија, веб страната на Општината , веб страната на училиштето, дневните весници и др.институции.

## 23. Следење и имплементација на Годишната програма за работа на основното училиште

| **Приоритетни подрачја за следење** | **Начин и време на следење** | **Одговорно лице** | **Кој треба да биде информиран за следењето** |
|---|---|---|---|
| Професионален и кариерен развој на наставен кадар | Континуирано/претходно подготвени инструменти | Тим за поддршка | Наставниот кадар, директорот, стручна служба |
| Реализација на проектни активности | Прилагодено според изготвените планови за реализација/посета при реализација | Стручна служба, директор | Одговорните лица, вклучени наставници, ученици, родители |
| Оценување | Континуирано, по квартални периоди | Тим за следење, анализа и поддршка | Директор, педагог,наставниот кадар, учениците, родителите |

## 24. Евалуација на Годишната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на Годишната програма за работа на училиштето ќе се врши по подррачја. За секое подрачје ќе се назначи одговорен наставник кој ќе го следи процесот на евалуација. При реализација на евалуацијата се одредуваат доказите и индикаторите, како и критериумите за успех. После собраните докази се формираат заклучоци и се пишат препораки за подобрување на моменталната состојба.

**25. Заклучок**

Годишната Програма за работа на училиштето дава целосна слика за општите податоци на училиштето, податоци за условите во кои работи училиштето. Исто така дава конкретни податоци за сите вработени во училиштето и учениците и јасно дефинирани стратешки чекори кои доприносуваат општ развој и добросостојба на училиштето, како и начините на кои тоа ќе се реализира.

Со Годишната програма за работа на училиштето презентирани се сите програми за работа како и начинот на организација. Во Годишната програма за работа на училиштето по одредени подрачја јасно се дефинирани начините на реализација на сите наставни, воннаставни и вонучилишни активности, како и начинот на следење и евалуација на истите.

Јасно и прецизно се дефинирани активностите на наставниот кадар, директорот на училиштето, стручниот соработник, учениците, родителите како и на стручните органи и тела во училиштето.

Исто така се дава јасна слика за сите активности, планови и програми кои се подготвени а се однесуваат на водење грижа за безбедноста во училиштето, здравјето и хигиената на учениците, училишната клима, како и соработка на училиштето со сите релевантни фактори.

**26.Комисија за изработка на Годишната програма за работа на основното училиште**

1. **Марина Ојлеска – директор**
2. **Павлина Унуфрова – наставник во одделенска настава**
3. **Габриела Плушкоска – наставник во одделенска настава**
4. **Елена М. Шикоска – наставник во предметна настава**
5. **Анета Б. Наумоска – наставник во предметна настава**
6. **Ана Шуминоска – наставник во предметна настава**

**27. Користена литература**

Годишната програма за работа на училиштето е изготвена потпирајќи се на Насоките и Правилникот за изработка на Годишна програма за работа на училиштето, интерни училишни документи као и Законот за основно образование.

Датум: 13.08.2024 година

В.Д Директор
М.П. Марина Ојлеска

Претседател на училишен одбор
Валентина Анѓелкоска